# П Р О Г Р А М А
## за работа на СММ за период 2008 - 2012

Во наредниот четиригодишен период, извршниот одбор на СММ ќе се посвети и ангажира на решавање, унапредување и подобрување на следните приоритетни активности:

1. Натамошно интензивирање на соработката и зацврстување на воспоставените односи помеѓу СММ и металуршките комбинати.

2. Континуирани активности и контакти за натамошно зголемување на бројот на членките на СММ, пред се помалите компании.

3. Воспоставување и зацврстување на улогата СММ како мошне важна карика помеѓу ТМФ и металуршките комбинати.

4. Унапредување на соработката со министерствата за економија, екологија и образование со цел добивање подршка за реализација на одредени проекти, од посебна важност за металуршките комбинати.

5. Интензивирање на билатералната соработка со членките на балканските сојузи, како и воспоставување на соработка со слични организации од развиените европски земји.

6. Воспоставување на соработка со научни институции, од посебно значење за металуршките произвествени капацитети.

7. Воспоставување и проширување на соработката и размена на искуства со други инженерски сојузи во Македонија.

8. Соработка и размена на искуства со други регионални инженерски организации и асоцијации во областа на металургијата.

9. Организирање состаноци и дебати на теми од посебно значење за металургијата во Македонија и улогата на македонската металургија за економијата на земјата.

10. Организирање презентации на нови производи, опрема и уреди од реномирани светски производители од важност за потребите на македонските металуршки комбинати.

11. Организирање на семинари и курсеви стручно усовршување на инжинерскиот и другиот кадар во металуршките комбинати.

12. Продолжување на активности за решавање на еколошки проблеми произлезени од металургијата во Македонија.

13. Продолжување на воспоставената пракса за организирање металуршки конференции

14. Презентирање на информации до јавноста:
    - ажурирање и одржување на веб- страницата на СММ
    - редовно информирање на јавноста преку јавните гласила и медиумите за планираните и реализирани активности на СММ.